# Структура на вработените
# во аудио и аудиовизуелната медиумска индустрија
# во 2015 година

октомври, 2016 година

СОДРЖИНА:

Вовед........................................................................................................................................................3
Структура на вработените во аудио и аудиовизуелната медиумска индустрија ..............................4
Структура на вработените во Македонската радио-телевизија..........................................................6
Структура на вработените во комерцијалните телевизиски станици.................................................10
Структура на вработените во комерцијалните радиостаници............................................................16

## ВОВЕД

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги веќе неколку години наназад изработува анализи на структурата на вработените во аудио и аудиовизуелната медиумска индустрија. Во оваа анализа се претставени податоците за структурата на вработените во 2015 година, и тоа од аспект на работните места (новинари, уредници, управители/директори, реализаторски кадар - сниматели, режисери, монтажери и друго, технички кадар, маркетинг и преостанат кадар), како и од аспект на тоа дали се во редовен работен однос или пак се хонорарно ангажирани, потоа структурата на вработените според пол, образование, како и според етничката припадност.

Податоците што се опфатени во оваа анализа во Агенцијата ги доставија самите радиодифузери, на посебен образец изготвен од страна на Агенцијата, а во рамки на исполнувањето на обврската од член 15 од Законот за медиуми, според којашто тие се должни најдоцна до 31 март во тековната година на Агенцијата да и достават, покрај другите, и податоци за работењето во претходната година.

На 31.12.2015 година, вкупниот број на ангажирани лица во сите телевизии и радиостаници, вклучувајќи го и јавниот сервис, изнесувал 3.062 лица.

Во споредба со претходната година, бројот на вработени бил зголемен за 216 лица, што најмногу се должи на зголемувањето на бројот на вработени кај комерцијалните телевизии – за 151 лице. Ова пак, се должи на зголемувањето на бројот на комерцијалните телевизии, и тоа за три телевизии на државно ниво и една на локално ниво.

Во јавниот радиодифузен сервис биле вработени вкупно 901 лице, во комерцијалните телевизии 1.723, а во комерцијалните радиостаници 438 лица.

**Слика 1. Број на вработени во 2014 и во 2015 година**



**Слика 2. Структура на вработените –**
**во редовен работен однос и хонорарно ангажирани лица**




2.444 лица биле во редовен работен однос, а останатите 634 биле хонорарно ангажирани.

Сите 907 вработени во Македонската радиотелевизија биле во редовен работен однос, а 40% од лицата кај комерцијалните радиодифузери биле ангажирани хонорарно.

Средно образование имале 48% од вработените, исто толку вишо или високо, а останатите 4% имале друг степен на образование.

62% од вработените биле мажи (вкупно 1.886) , а најголем дел од нив биле ангажирани како реализаторски кадар (режисери, сниматели, монтажери и друго).

38% од вработените биле жени (вкупно 1.176), а половина од нив биле новинарки.

# Структура на вработените во Македонската радио-телевизија

| кадар | Вкупен број | образование | | | статус | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | ВСС | ССС | друго | рро | хонорарно ангажирани |
| Новинари | 239 | 184 | 46 | 9 | 239 | 0 |
| Уредници | 86 | 76 | 8 | 2 | 86 | 0 |
| Управители/директори | 5 | 5 | 0 | 0 | 5 | 0 |
| Технички кадар (инжинери и техничари) | 26 | 9 | 13 | 4 | 26 | 0 |
| Реализаторски кадар (режисери, сниматели, монтажери и др.) | 347 | 64 | 261 | 22 | 347 | 0 |
| Маркетинг | 6 | 5 | 1 | 0 | 6 | 0 |
| Преостанат кадар | 192 | 62 | 97 | 33 | 192 | 0 |
| ВКУПНО | 901 | 405 | 426 | 70 | 901 | 0 |

На 31.12.2015 година, вкупниот број на вработени во Македонската радио-телевизија изнесувал 901 лице – сите вработени во редовен работен однос.

Најголем дел од вработените (38,51%) биле ангажирани како реализаторски кадар (сниматели, монтажери, режисери и др.) и како новинари (26,53%).

56,49% од вработените биле мажи, а 52% од нив биле реализаторски кадар. 43,51% од вработените биле жени, од коишто 52% биле новинарки и уреднички.

Високо образование имале комплетирано 44,95% од вработените во јавниот радиодифузен сервис, средно образование 47,28%, а останатите 7,77% имале друго образование.

**Слика 3. Структура на вработените според работни места**




Според работните места, во структурата на вработените во МРТВ, најбројни се лицата коишто биле ангажирани како режисери, сниматели, монтажери и друг реализаторски кадар – вкупно 347 лица, од кои 291 лице во Македонската телевизија и 56 лица во Македонското радио.

Повеќе од половина од реализаторскиот кадар, поточно 56,49% биле мажи со завршено средно образование.

Како реализаторски кадар во МРТВ биле ангажирани три пати повеќе мажи отколку жени (264 мажи, наспроти 83 жени).

Вкупниот број на новинари  изнесувал 239 лица, од кои 291 во Македонска телевизија и 79 во Македонското радио. 54,39% од новинарите биле жени со високо образование.

Жените биле побројни од мажите кај новинарскиот кадар, уредниците и кај преостанатиот кадар. Меѓутоа, на раководна функција била само една жена, наспроти четири мажи.

77% од новинарите во МРТВ имале комплетирано високо образование.

Од 184 новинари со високо образование, 32 имале завршено студии по новинарство.

**Слика 4. Структура на новинарите во МРТВ според степенот на образование**




**Слика 5. Структура на реализаторскиот кадар во МРТВ според степенот на образование**




75,22% од реализаторскиот кадар (сниматели, монтажери, режисери и друго) имале завршено средно образование, а само 18,44% високо образование.

# Структура на вработените во комерцијалните телевизии

| кадар | Вкупен број | образование | | | статус | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | ВСС | ССС | друго | рро | хонорарно ангажирани |
| Новинари | 611 | 480 | 123 | 8 | 414 | 197 |
| Уредници | 88 | 61 | 25 | 2 | 76 | 12 |
| Управители/директори | 61 | 39 | 21 | 1 | 53 | 8 |
| Технички кадар (инжинери и техничари) | 166 | 35 | 128 | 3 | 121 | 45 |
| Реализаторски кадар (режисери, сниматели, монтажери и др.) | 527 | 106 | 405 | 16 | 445 | 82 |
| Маркетинг | 58 | 34 | 24 | 0 | 44 | 14 |
| Преостанат кадар | 212 | 78 | 123 | 11 | 155 | 57 |
| **ВКУПНО** | **1723** | **833** | **849** | **41** | **1308** | **415** |

На 31.12.2015 година, кај сите комерцијални телевизии заедно биле ангажирани вкупно 1.723 лица.

Бројот на ангажирани лица бил најголем кај петте телевизии на државно ниво преку терестријален мултиплекс – 679 и кај 27-те регионални телевизии – 502 лица. Кај сателитските телевизии биле ангажирани вкупно 229 лица, кај трите телевизии на државно ниво преку јавна електронска комуникациска мрежа 155 лица, а кај локалните телевизии (вкупно 21) биле ангажирани 158 лица.

**Слика 6. Структура на вработените – во редовен работен однос и хонорарно ангажирани**




Од вкупно 1.723 лица кај комерцијалните телевизии, 1.308 биле во редовен работен однос, а 415 биле хонорарно ангажирани.

14% од лицата кај петте телевизии што емитуваат на државно ниво преку терестријален мултиплекс биле ангажирани хонорарно, 13% од ангажираните лица кај телевизиите што емитуваат на државно ниво преку јавна електронска комуникациска мрежа и 24% кај регионалните телевизии. Кај сателитските и кај локалните телевизии по 48% од лицата биле ангажирани хонорарно.

**Слика 7. Број на вработени – во редовен работен однос и хонорарно ангажирани**



**Слика 8. Структура на вработените според работни места**




35,46% од вработените кај комерцијалните телевизии биле новинари, а 30,59% реализаторски кадар (снимателиi, монтажери, режисери и друго).

Најголем дел од новинарите биле жени со завршено високо образование (44,52%), а најголем дел од реализаторскиот кадар (70%) мажи со завршено средно образование.

Жените биле побројни само кај новинарите (328 жени наспроти 283 мажи) и кај преостанат кадар (117 жени и 95 мажи).

Кај сите други работни места биле ангажирани повеќе мажи отколку жени, а оваа разлика е најзабележлива кај реализаторскиот кадар (464 мажи и само 63 жени).

На управителски функции биле ангажирани речиси пет пати повеќе мажи отколку жени (50 мажи наспроти 11 жени).

79% од новинарите вработените кај комерцијалните телевизии имале комплетирано високо образование (вкупно 480, од кои 272 жени и 208 мажи), а 161 од нив имале завршено студии по новинарство.

**Слика 9. Новинари според степенот на образование**




Од вкупно 88 уредници, 61 биле со високо образование, 25 со средно, а два уредници имале друг вид на образование.  64% од управителите/директорите на комерцијалните телевизии имале високо образование.

**Слика 10. Реализаторски кадар според степенот на образование**




Кај реализаторскиот кадар доминантно учество (76,85%) имале лицата со завршено средно образование - вкупно 405 лица, од кои 36 жени и 369 мажи.

**Слика 10. Структура на вработените според етничката припадност**




Од вкупно 1.723 лица вработени кај комерцијалните телевизии, 77% односно 1.310 биле Македонци, 18% односно 303 Албанци и по 1% Бошњаци, Турци, Срби, Роми и лица од друга етничка припадност.

35% од Македонците биле ангажирани како новинари, а 32% како реализаторски кадар (режисери, монтажери, сниматели и друго).

Исто така, и најголем дел од Албанците биле ангажирани како новинари (34%) и како реализаторски кадар (29%).

# Структура на вработените во комерцијалните радиостаници

5

| кадар | Вкупен број | образование | | | статус | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | ВСС | ССС | друго | рро | хонорарно ангажирани |
| Новинари | 197 | 139 | 47 | 11 | 57 | 140 |
| Уредници | 48 | 24 | 24 | 0 | 36 | 12 |
| Управители/директори | 58 | 27 | 31 | 0 | 53 | 5 |
| Технички кадар (инжинери и техничари) | 72 | 16 | 56 | 0 | 48 | 24 |
| Реализаторски кадар (режисери, сниматели, монтажери и др.) | 27 | 3 | 24 | 0 | 15 | 12 |
| Маркетинг | 23 | 13 | 9 | 1 | 6 | 17 |
| Преостанат кадар | 13 | 9 | 4 | 0 | 6 | 7 |
| **ВКУПНО** | **438** | **231** | **195** | **12** | **221** | **217** |

На 31.12.2015 година, кај сите комерцијални радиостаници заедно биле ангажирани вкупно 438 лица.

5

Кај четирите радиостаници на државно ниво биле ангажирани 110 лица, кај 16-те регионални радиостаници 123 и кај 46-те локални радиостаници 205 лица.

**Слика 11. Структура на вработените**
**– во редовен работен однос и хонорарно ангажирани**




Половина од лицата вработени кај комерцијалните радиостаници биле ангажирани хонорарно (49,54%).

Само 36% од ангажираните лица кај четирите радиостаници на државно ниво биле во редовен работен однос, а останатите 64% биле хонорарно ангажирани.

Кај регионалните радиостаници речиси подеднаков број на лица биле хонорарно ангажирани и во редовен работен однос, а кај локалните радиостаници поголем број биле во редовен работен однос (60%).

**Слика 12. Број на вработени во редовен работен однос и хонорарно ангажирани**



**Слика 13. Структура на вработените според работни места**




Најголем дел (45%) од вработените кај комерцијалните радиостаници биле новинари. Од нив пак, најголемиот дел биле жени со завршено високо образование (40%). Од вкупно 48 уредници, 30 биле мажи.

Само кај новинарскиот кадар и кај вработените за маркетинг биле побројни жените.

Како реализаторски кадар биле ангажирани 24 мажи и само три жени, а како технички кадар 55 мажи и 17 жени.

На управителска функција мажите биле безмалку два пати побројни (38 мажи наспроти 20 жени).

71% од новинарите кај комерцијалните радиостаници имале комплетирано високо образование (вкупно 139, од кои 78 жени и 61 маж), а само 34 имале студии по новинарство.

Половина од уредниците биле со високо образование, а половина со средно образование. Најголем дел од уредниците (33%) биле мажи со средно образование.

**Слика 14. Новинари според степенот на образование**




Мажи со средно образование биле и најголем дел од вработените како технички кадар (46 од вкупно 72 лица), од вработените како реализаторски кадар (21 од вкупно 27 лица) и најголем дел од управителите/директорите (21 од вкупно 58 лица).

**Слика 14. Реализаторскиот кадар според степенот на образование**




Од вкупно 438 лица вработени кај комерцијалните радиостаници 86% биле Македонци, а 13% Албанци.

Најголем дел и од Македонците (46,77%) и од Албанците (36,67%) биле ангажирани како новинари.

| | |
|---|---|
| Наслов | Структура на вработените во аудио и аудиовизуелната медиумска индустрија за 2015 година |
| Издавач | Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги |
| | Палата Панко  Брашнаров Ул.„Македонија“ бр.38, 1 000 Скопје |
| | Тел.02/3103-400 |
| | www.avmu.mk |
| | contact@avmu.mk |
| За издавачот | д-р Зоран Трајчевски, Директор |
| Изработила | Магдалена Давидовска-Довлева |
| Соработничка | Валиде Јашари |